Сектор за користење на други шумски производи
и заштита на животната
средина- екологија

*Според Планот за работа на пом. директорот на новоформираниот Сектор за користење на други шумски производи и заштита на животната средина-екологија, дипл. агроном Панче Николов, во Секторот, како новоформирана организациона единица во рамките на ЈП Македонски шуми, се планира унапредување и зајакнување на состојбата во областа на користење на други шумски производи, искористување на отпадната биомаса како обновлив извор на енергија, заштита на биодиверзитетот во шумските средини и мониторинг на состојбите, управување и стопанисување во заштитени подрачја, воведување на програми за агро-екологија во шумарството, користење на фондовите за развој на руралните средини, соработка со домашни и меѓународни институции и организации од областа на шумарството и екологијата, креирање и реализација на проекти и програми за развој на Секторот и Јавното Претпријатие Македонски шуми.*

За исполнување на плановите за работа во наведените области, Секторот како приоритетни задачи ќе работи на следното :

- Уредување на правните акти и прописи, правилници, уредби и други законски акти:
    - предлози за измени и дополнување на законски и подзаконски акти ("Закон за шуми", "Правилник за видовите на други шумски производи и начинот на користење и собирање на други шумски производи" , и други);
    - предлог правилници (заедно со упатства и прирачници) за внатрешна организација на работењето на Секторот и Подружниците на ЈП Македонски шуми ;
    - предлог за организација на евиденција и контрола на договорените правни лица – корисници на право на преостапување;
    - предлог за организација на законска контрола (инспекција) од овластените институции, постојни казнени мерки, поврзување и известување;
- Предлози за внатрешна организација и формирање тимови за работа на поедини области (стручни тела, комисии, работни групи);
- Едукација и тренинг на вработени во ЈП Македонски шуми за областите поврзани со работните задачи во Секторот (евиденција на склучени Договори, регистри на собирачи, откупувачи и трговци, евиденција на собрани количини, известување и друго);

- Изработка на едукативни материјали за обука на собирачи и откупувачи на други шумски производи,
- Предлози за максимално искористување на капацитетите за дестилација и сушење на други шумски производи во сопственост на ЈП Македонски шуми (Берово);
- Учество на работилници, семинари и обуки од областа, работни тела и комисии на ресорните институции;
- Креирање проекти за апликации кај домашни и меѓународни програми за финансиска поддршка.

Роковите за реализација на наведените активности се поврзани директно со обезбедените услови за работа како на раководителот, така и на предложените тимови или работни групи, нивниот капацитет и обученост, како и директната поддршка од Секторот.

Уредувањето на областа за користење на други шумски производи како прв приоритет, организацијата и обуката на вработените, ќе биде комплетирана и поставена најкасно пред почетокот на наредната собирачка сезона во 2013 година (до крај на месец март).

Другите активности по зададените области тековно ќе бидат исполнувани, за што постојано и навреме ќе биде писмено известен Генералниот Директор и Стручниот Колегиум на ЈП Македонски шуми.